222944 Б

НОВА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ. 24. VI. 1975,

ОД ДЕЈНОСТА НА МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Нова Македонија 24.6.75

# ПРИМАРНА И МЕЃУРЕПУБЛИЧКАТА СОРАБОТКА

## ВО НАРЕДНИТЕ ГОДИНИ ИЗЛОЖБИ НА СОВРЕМЕНОТО ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО ОД БиХ, ЦРНА ГОРА И СЛОВЕНИЈА, КАКО И НЕКОЛКУ ГРУПНИ И ТЕМАТСКИ ИЗЛОЖБИ СО ОПШТОЈУГОСЛОВЕНСКИ КАРАКТЕР

**УШТЕ ОД СВОЕТО ОСНОВАЊЕ МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ** — Скопје особено внимание и посветува на својата соработка со установи, организации и поединци од другите републики.

Видовите на таа соработка се многубројни и се поврзани со широкиот спектар на дејностите што ги спроведува Музејот. Особено е впечатлив придонесот на уметниците од сите краишта на Југославија во создавањето на колекцијата на оваа музејска установа во Скопје. Тие подарија неколку стотици свои творби, што претставуваат своевидна панорама на ликовното творештво во нашата земја. Во сегашната постојана поставка на Музејот застапени се неколку десетици одбрани творби на југословенски уметници. Тие се вградени во неа со цел да ги претстават, во границите на сегашните можности на Музејот, најсуштествените појави и најистакнатите личности во ликовното творештво на Југославија: притоа, во постојаната поставка е настојувано да се покаже колку овие дела им припаѓаат на општите движења во современата ликовна уметност во светот, што исто така е застапена во колекцијата на Скопскиот музеј.

Со редица установи од главните и другите места на републиките и покраините во Југославија, МСУ од Скопје врши постојано позајмување на дела за разни ликовни манифестации и за збогатување на својата колекција, размена на публикации, податоци, стручни соработници и изложби.

Во таа смисла, особено се значајни напорите на Скопскиот музеј во претставувањето на уметничките движења во Македонија во други културни центри на Југославија; и, обратно, во организирање на самостојни и поголеми или помали групни изложби на уметниците од другите ликовни центри на нашата земја во Скопје. Со тоа во него се видени, меѓу другите, самостојните изложби на Јордан Василие, Едо Муртиќ, Иван Генералиќ, Јанез Берник, Мариј Прегељ, Крсто Хегедушиќ, Стојан Челиќ, Петар Лубарда итн.; групните изложби на Дамјановиќ, Рељиќ и Оташевиќ, на српскиот надреализам итн.; големите изложби на подарени дела од Хрватска; репрезентативните антологиски изложби на современата српска и хрватска ликовна уметност, на применетата и ликовна уметност од Косово (во соработка со ДЛУПУМ односно ДЛУМ), сега се одржува изложба на „12 уметници од Војводина". Одделно место во оваа активност зазема и големата антологиска изложба на југословенското ликовно творештво со тематика од НОБ и револуцијата, приредена во Скопје во 1974 година.

**СИТЕ ОВИЕ ИЗЛОЖБИ, ГРИЖЛИВО И СТУДИОЗНО ПОДГОТВЕНИ** во постојана соработка на МСУ од Скопје со колегијалните установи во цела Југославија, овозможија, заедно со работата на други установи во Скопје во истата област, да се следи и проучува ликовното творештво во нашата земја на еден посистематски начин. Со тоа е даден придонес кон подоброто заемно запознавање меѓу Македонија и останатите краишта на Југославија, во областа на ликовното творештво.

Од своја страна, МСУ од Скопје приреди неколку изложби на македонската уметност во другите културни центри на нашата земја. Со нив беа опфатени неколку десетици наши творби од сите генерации и со најразлични стилски настојувања. Во тој поглед особено е карактеристична антологиската изложба на македонското ликовно творештво, што беше прикажана во 1969 година во Белград, Сараево и Загреб. Оваа манифестација доживеа голем успех и доби високи оцени од стручната и научната јавност, која со голем респект ги оцени достигањата на македонските уметници. Изложбата особено придонесе да се согледаат развојните специфичности и карактеристичните белези на нашата ликовна уметност, да се зацврсти мислењето за нејзиното органско припаѓање на движењата и во југословенската и во светската современа уметност. Во Нови Сад, во соработка со Трибината на младите (изложба во 1967 година на млади македонски сликари и скулптори итн.) и Работничкиот универзитет (изложба во 1974 година на 12 уметници од најмладата македонска сликарска и скулпторска генерација и др.), а особено со Галеријата на современа уметност, која е организатор на сегашната изложба на 12 творци од Војводина во Скопје, се одвива мошне плодна соработка. Воопшто, Војводина покажа големо разбирање и желба за прикажување на македонското ликовно творештво во Покраината, на најразлични манифестации што повремено се одржуваат во неа, не само во Нови Сад туку и во Сомбор, Зрењанин итн. Во многу од овие изложби, МСУ од Скопје учествуваше, непосредно или посредно, во делот што се однесува на современата македонска уметност.

**ОДДЕЛНО ОД ОВИЕ ВИДОВИ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА НА МСУ** од Скопје со други музеи и галерии од нашата земја, соработниците на установата учествуваа во реализација на редица големи ликовни изложби на југословенското творештво. Со тоа уште неколку десетици македонски уметници беа вклучени и стручно претставени (со предговори, биографски, каталошки и други податоци) на редица најзначајни југословенски манифестации, каде често беа мошне добро примени, а поединци и наградувани (на пример, на триеналата на југословенската уметност и тематските изложби во МСУ, во Белград; на современата југословенска уметност во Дубровник, на Сомборската ликовна есен итн.). Оваа дејност се продолжува и натаму, за што е особено карактеристична оваа година во која соработниците во Музејот учествуваат во реализација на изложби во Бања Лука, Белград, Сомбор итн.

Во наредните години ќе бидат прикажани во Скопје репрезентативни изложби на современото ликовно творештво од БиХ, Црна Гора и Словенија. Од друга страна, се предвидува организирање и на неколку тематски, групни и поединечни изложби на уметници од другите краишта на Југославија. Во исто време, ќе се подготват изложби на македонското творештво за прикажување во Црна Гора, Словенија итн. Сите тие се вклучени во програмата за петгодишната работа на Музејот (1976 — 1980), за која се консултирани и се добиени позитивни одговори од страна на ДЛУМ, ДЛУПУМ, Друштвото на историчарите на уметноста од Македонија и други стручни и професионални организации. Впрочем, како што е познато, меѓурепубличката соработка на Музејот се повеќе се одвива во соработка и заемно помагање меѓу него и останатите установи и организации во Македонија, што се бават со проблематиката на нашето ликовно творештво и неговото претставување во Југославија и надвор од неа.

**Борис Петковски**